ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
г-ѓа Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии

Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем по Проектот “Водовод и канализација на општините – фаза I“

Скопје, јули 2009 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. _________
____________ Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија ви поднесува Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем по Проектот "Водовод и канализација на општините – фаза I" што го утврди на седница_______________________________________.
За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереник г-ѓа Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Проектот “Водовод и канализација на општините – фаза I“ ќе се реализира во рамките на билатералната финансиска соработка со Владата на СР Германија и истиот има за цел обезбедување на одржливо снабдување со вода за пиење на населението во избраните општини по социјално прифатливи трошоци.
Проектот има иновативен карактер, содржи транспарентни критериуми за избор и постигнати ефекти со што ја промовира финансиската и економската издржливост на инвестициите во општинската инфраструктура.

Проектот “Водовод и канализација на општините“се состои од две фази:

- Првата фаза опфаќа итни инвестициони зафати во системите за водоснабдување во општините: набавка на материјали, изведување на дополнителни работи (монтирање водомери, откривање протекувања и поправки итн.), изведување на воситни градежни работи (поставување на цевководи, работи за санирање на теренот итн.), консултантски услуги за утврдување и спроведување на итните мерки (вклучувајќи проектантски работи, набавка на стоки и услуги и надзор врз изведувањето на работите) како и консултантски услуги за подготовка на инвестициони мерки за втората фаза од овој проект (физибилити студии);
- Втората фаза опфаќа поголеми инвестициони зафати (реконструкција на водоводните и канализационите мрежи) во општините. Кои мерките ќе бидат опфатени во втората фаза од проектот ќе зависи од резултатите на физибилити студиите од првата фаза.

Проектот “Водовод и канализација на општините“ предвидува крајни корисници да бидат општините односно јавните комунални претпријатија кои ќе покажат солидно финансиско работење и ќе ги исполнат однапред познатите критериуми за зголемување на економската ефикасност во работењето.

Работната група составена од претставници на Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Кредитната банка за обнова – КфВ, ја разгледа кредитната способност на општините - потенцијални корисници на заем од Кредитната банка за обнова – КфВ и ги предложи следните 8 општини, кои се доволно финансиски моќни да учествуваат во проектот:Битола, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Кочани, Неготино, Радовиш и Тетово. Советите на 8 – те општини донесоа одлуки дека се согласни да се вклучат во проектот и дека ги прифаќаат кредитните услови (рок на отплата најмногу до 30 години од кои најмногу до 10 години грејс период и 2% годишна каматна стапка).

Учеството во првата фаза од проектот “Водовод и канализација на општините“, секоја општина и секое јавно комунално претпријатие може да го обезбеди само со исполнување на претходно определените критериуми за влез во првата фаза.
Критериуми кои треба да ги исполни јавното комунално претпријатие:
- 100% од сите регистрирани клиенти добиваат сметки за вода;
- Месечната готовина (без компензации) генерирана од продажбата на вода е поголема од 60% од фактурираниот износ во истиот месец;
- Тарифите за вода му овозможуваат на комуналното претпријатие да ги покрие најмалку: трошоците за работа (персонал, струја, хемикалии, администрација), трошоците за одржување / реинвестиции: 5 евра / приклучок / годишно, актуелните долгови (доколку ги има и предвиденото задолжување за фаза 1), сите други трошоци што треба да се покријат со готовината генерирана од продажбата на вода (чистење на улици и паркови и слично);
- Месечната готовина генерирана од други активности ги покрива трошоците од тие активности;
- Комуналното претпријатие докажува дека е подготвено за : воведување засебни сметки

според различните активности во комуналното претпријатие согласно различните активности, делување во насока на автономни одделенија чии трошоци се покриени со нивните приходи, намалување на потрошувачката на вода и загубите пред зголемување на производството на вода, надгледува/имплементира работи во своја одговорност и координација на други инвестициони мерки.

Критериуми кои треба да ги исполни општината:

- Општината плаќа за услугите за водоснабдување и канализација на комуналното претпријатие;
- Општината му го гарантира правото на комуналното претпријатие за: исклучување несовесни клиенти, пристап до водомери и координација на други инвестициони мерки.

Со проектот ќе бидат опфатени оние општини кои можат да се задолжат, односно во целост ги исполнуваат условите за задолжување, согласно Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Упатството за начинот и постапката за задолжување на општините и јавните претпријатија во Република Македонија, издадено од Министерството за финансии.
Доколку некои од 8-те избрани општини до моментот на задолжување не ги условите за задолжување и претходно наведените критериуми, истите можат да бидат заменети со други општини кои ќе ги исполнат бараните критериуми и услови за задолжување.

Финансиската конструкција за реализација на овој Проект предвидува средства од повеќе извори:

1. Заем од СР Германија од 8.635.000 евра, доделен под услови предвидени за развојна соработка: 2% годишна каматна стапка, 30 години рок на враќање со вклучени 10 години грејс период;
2. Донација од СР Германија од (1.500.000 + 564.143) евра за реализација на придружните мерки кои ќе се одвиваат преку техничка помош и
3. 2.000.000 евра учество на македонската страна во инвестицискиот дел на Проектот

Агенција за координација на проектот ќе биде Министерството за транспорт и врски, кое на централно ниво ќе ги координира сите активности, додека извршни проектни агенции ќе бидат општинските јавни комунални претпријатија, кои ќе бидат надлежни за имплементација на инвестициите, како и функционирање и одржување на изградените постројки и системи во својата општина.
Концептот на проектот предвидува консултант за управување и консултант за имплементација.
Улогата на консултантот за управување е институционално зајакнување на општинските јавни комунални претпријатија (подобрување на фактурирањето и наплатата, подобрување на сметководството и финансиското управување, изготвување на тарифни системи што се прилагодени на општините што се опфатени со програмата поддршка на работењето и одржувањето итн), како и на Министерството за транспорт и врски како агенција за координација на проектот. Овој консултант во 2008 година им помагаше на општините и јавните комунални претпријатија во исполнувањето на бараните критериуми за влез во првата фаза од проектот, за што достави и финален извештај за подготвеноста на општините за имплементацијата на овој проект. Трошоците за услугите на консултантот за управување ќе бидат платени од грантот (1.500.000 евра).
Улогата на консултантот за имплементација е да дава поддршка на општинските јавни комунални претпријатија во подготовка, мониторинг, координација и супервизија на инвестирањето, само на општинско ниво (планирање, конечен проект, тендерски процес, договарање и склучување договори, управување со средствата, надзор врз работите, севкупно управување со проектот, физибилити студии за мерките за втората фаза од проектот). Трошоците за услугите на консултантот за имплементација изнесуваат 764.143 евра. Дел од трошоците ќе бидат подмирени од: пренаменетите неискористени средства од “Програмата за развој на градовите – водоснабдување на Струга“(564.143 евра) додека, дел ќе бидат платени од заемот (200.000 евра). Секоја општина, во исплатата на консултантот ќе

учествува пропорционално на висината на кредитот.

Средствата од заемот се наменети за инвестициски работи (8.435.000 евра) и за подмирување на дел од услугите на консултантот за имплементација (200.000 евра). Средствата наменети за кофинансирање на инвестиционите активности финансирани со средства од заемот на Кредитната банка за обнова – КфВ, во износ од 2.000.000 евра, ќе бидат обезбедени од Буџетот на Министерството за транспорт и врски, а трошоците за покривање на ДДВ, царина, такси, и други давачки ќе бидат покриени од буџетите на општините или јавните комунални претпријатија, учесници во програмата.

Согласно правилата утврдени од страна на КфВ процедурите за повлекување на средства зависат од висината на поединечните договори за градежни работи, стоки и услуги.
а)Доколку вредноста на поединечен договор за градежни работи, стоки или услуги е над 350.000 евра, средствата ќе се повлечат согласно процедура за рефундирање при што Министерството за транспорт и врски, како Агенција за имплементација на проектот, прво ќе ги подмири обврските кон добавувачите од сопствени средства, потоа Кредитната банка за обнова – КфВ во одреден рок ќе го рефундира овој износ на средства.
Согласно одржаните преговори меѓу Република Македонија и Кредитната банка за обнова – КфВ, Агенцијата за имплементација на проектот, прво во полн износ ќе ги подмири обврските кон добавувачите од сопствени средства, а потоа Кредитната банка за обнова – КфВ ќе и го рефундира потребниот износ на Агенцијата за имплементација на проектот откако ќе поминат два месеци, но доколку износот на претходно платени средства достигне 200.000 ЕВРА, рефундирањето може да се изврши порано. Кредитната банка за обнова – КфВ сите барања кои ќе пристигнат за исплата до 15-ти Ноември секоја година, ќе ги исплати до 15-ти Декември истата година, под услов барањата односно апликациите за рефундирање средства поднесени до одделението за трансакции во Франкфурт да бидат точно и целосно пополнети.
б) Доколку вредноста на поединечен договор за градежни работи, стоки или услуги е под 350.000 евра, средствата во транши ќе се повлекуваат на трезорска сметка. Министерството за транспорт и врски, како Агенција за имплементација на проектот, од трезорската сметка ќе ги подмирува обврските кон добавувачите и за тоа ќе ја известува Кредитната банка за обнова - КфВ.

Согласно, одржаните преговори меѓу Република Македонија и Кредитната банка за обнова – КфВ за обезбедување на потребните средства за реализацијата на проектот “Водовод и канализација на општините фаза I“ (8.635.000 евра), донесена е одлука да се пристапи кон склучување на:

Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Кредитната банка за обнова – КфВ по проектот “Водовод и канализација на општините фаза I“;
Договор за имплементација на проектот на централно ниво, кој ќе се склучи меѓу Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Кредитната банка за обнова – КфВ;
Договор за имплементација на проектот на локално ниво, кој ќе се склучи меѓу Министерството за транспорт и врски, секоја општина, секое јавно комунално претпријатие и Кредитната банка за обнова – КфВ;
Договор за препозајмување (on-lending), кој ќе се склучи меѓу Министерството за финансии, секоја општина и јавно комунално претпријатие.

Со цел склучување на Договорот за заем, потребно е да се донесе законот за задолжување согласно постапката за задолжување со склучување на договор за заем утврдена во Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“бр. 62/05 и 88/08).

Оттука, Владата на Република Македонија изготви: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем по проектот “Водовод и канализација на општините фаза I“, кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Проектот има за цел обезбедување на одржливо снабдување со вода за пиење на населението во избраните општини по социјално прифатливи трошоци. Реализацијата на овој проект ќе обезбеди поддршка за избраните општини за подобрување на нивните системи за водоснабдување преку инвестиции и техничка поддршка во областа на финансиското управување и оперативната изведба.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на проектот "Водовод и канализација на општините фаза I".

Оттука, Република Македонија и Кредитната банка за обнова - КфВ ќе склучат Договор за заем наменет за реализација на проектот "Водовод и канализација на општините фаза I", во износ од 8.635.000 ЕВРА.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупната вредност на Проектот финансиран со заем од Кредитната банка за обнова - КфВ изнесува 8.635.000 ЕВРА.

а) При тоа, условите под кои ќе се задолжи Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ се следните:

1. каматна стапка: 2% годишна каматна стапка
2. грејс период: 10 години
3. рок на отплата: 30 години

б) Финансиските услови на подзаемите кои ќе бидат доделувани на општините/јавните комунални претпријатија (корисници на заемот), се следните:

1. каматна стапка: 2% годишна каматна стапка
2. грејс период: најмногу до 10 години
3. рок на отплата: најмногу до 30 години

При тоа важно е да се напомене дека Република Македонија, заемот ќе го отплаќа од средствата кои ќе се прибираат со отплатата на препозајмените средства од корисниците на средствата од заемот во вкупен износ од 8.635.000 ЕВРА. Средствата наменети за кофинансирање на инвестиционите активности финансирани со средства од заемот на Кредитната банка за обнова – КфВ, во износ од 2.000.000 евра, ќе бидат обезбедени од Буџетот на Министерство за транспорт и врски.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

Предлог на Закон

за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем по проектот "Водовод и канализација на општините фаза I"

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Кредитната банка за обнова – КфВ од Сојузна Република Германија со заем во износ од 8.635.000 ЕВРА, наменет за реализација на проектот "Водовод и канализација на општините фаза I".

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за проектот "Водовод и канализација на општините фаза I", кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Кредитната банка за обнова – КфВ .

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 30 години, со вклучен грејс период од 10 години.

Годишната каматна стапка е фиксна каматната стапка и истата изнесува 2%.

Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 30 јуни и 30 декември секоја година, започнувајќи од 30 декември 2019 година, а завршувајќи на 30 декември 2039 година.

Член 4

На износот на неповлечените средства од заемот се плаќа провизија на Кредитната банка за обнова – КфВ во износ од 0,25% од износот на заемот на годишно ниво.

Провизијата од ставот 1 од овој член се плаќа полугодишно и тоа на 30 јуни и 30 декември секоја година.

На износот на заемот кој нема да се плати во предвидените рокови, ќе се плаќа затезна камата во висина на базичната каматна стапка на Централната банка на СР Германија, зголемена за 3% годишно.

Член 5

Корисници на средствата од заемот од член 1 на овој закон се општините и јавните комунални претпријатија основани од општините, кои ги исполнуваат условите за задолжување согласно Законот за јавен долг и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Член 6

За регулирање на правата и обврските помеѓу Република Македонија и корисниците на средствата на заемот од член 5 од овој закон, Министерството за финансии ќе склучи посебни договори за заем.

Член 7

Република Македонија, заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од средствата кои ќе се прибираат со отплатата на позајмените средства од корисниците на средствата од заемот од член 5 на овој закон согласно посебните договори за заем од член 6 од овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Средствата предвидени за реализација на овој проект, изнесуваат 8.635.000 ЕВРА, кои ќе бидат финансирани со заем од страна на Кредитната банка за обнова – КфВ. За таа цел, Република Македонија ќе склучи Договор за заем со Кредитната банка за обнова – КфВ, додека за регулирање на обврските кои ќе произлезат од препозајмувањето на средствата од заемот, Министерството за финансии ќе склучува посебни Договори за препозајмување со секоја општина и секое јавно комунално претпријатие - корисници на средствата од заемот.

Со цел склучување на Договорот за заем, потребно е да се донесе Законот за задолжување согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“бр. 62/05 и 88/08).

Заемот во износ од 8.635.000 ЕВРА ќе и биде доделен на Република Македонија, додека општините/јавните комунални претпријатија учесници во проектот се корисници на средствата од заемот. Заемот ќе се отплаќа со средства кои ќе се прибираат со отплатата на препозајмените средствата од страна на корисниците на заемот.

Рокот на отплата на заемот изнесува 30 години, со вклучен грејс период од 10 години. Отплата на заемот ќе се врши на 41 полугодишен ануитет, на секој 30-ти јуни и 30-ти декември, во периодот од 30 декември 2019 година до 30 декември 2039 година.

На износот на неповлечените средства од заемот ќе се плаќа провизија на Кредитната банка за обнова – КфВ во износ од 0,25% од износот на заемот на годишно ниво. Провизијата ќе се плаќа полугодишно и тоа на 30 јуни и 30 декември секоја година.

На износот на заемот кој нема да се плати во предвидените рокови, ќе се плаќа затезна камата во висина на базичната каматна стапка на Централната банка на СР Германија, зголемена за 3% годишно.

Каматната стапка по која ќе се отплаќа заемот е фиксна каматна стапка која изнесува 2%.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем со цел обезбедување на средства и отпочнувањето на Проектот “Водовод и канализација на општините фаза I“, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Проектот “Водовод и канализација на општините фаза I“ преку финансирање на општините/јавните комунални претпријатија, по пат на задолжување на општината/јавното комунално претпријатие со on-lending аранжман, ќе овозможи обезбедување на одржливо снабдување со вода за пиење на населението во избраните општини по социјално прифатливи трошоци. Реализацијата на овој проект ќе обезбеди поддршка за избраните општини за подобрување на нивните системи за водоснабдување преку инвестиции и техничка поддршка во областа на финансиското управување и оперативната изведба.

Вкупната вредност на проектот финансиран со заем од Кредитната банка за обнова - КфВ изнесува 8.635.000 ЕВРА.

а) При тоа, условите под кои ќе се задолжи Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ се следните:

1. каматна стапка: 2% годишна каматна стапка
2. грејс период: 10 години
3. рок на отплата: 30 години

б) Финансиските услови на подзаемите кои ќе бидат доделувани на општините/јавните комунални претпријатија (корисници на заемот), се следните:

1. каматна стапка: 2% годишна каматна стапка
2. грејс период: најмногу до 10 години
3. рок на отплата: најмногу до 30 години

При тоа важно е да се напомене дека Република Македонија, заемот ќе го отплаќа од средствата кои ќе се прибираат со отплатата на препозајмените средства од корисниците на средствата од заемот во вкупен износ од 8.635.000 ЕВРА. Средствата наменети за кофинансирање на инвестиционите активности финансирани со средства од заемот на Кредитната банка за обнова – КфВ, во износ од 2.000.000 евра, ќе бидат обезбедени од Буџетот на Министерството за транспорт и врски.

ОБРАЗЕЦ
ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ
ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1. Назив на предлогот: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова по Договорот за заем за проектот "Водовод и канализација на општините фаза I" | 2. Министерство / Орган на управа: Министерство за финансии | |
| 3. Цел на предлогот: Обезбедување на средства за финансирање на проектот "Водовод и канализација на општините фаза I" | 4 Вид на предлог: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова по Договорот за заем за проектот "Водовод и канализација на општините фаза I" | |
| 5 Контакт лице и звање: г-ѓа Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии | 6Контакт тел / факс или електронска пошта: тел: 3106 454 suzana.stoimceva@finance.gov.mk | |

7Активност

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ | ( X ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средствата) меѓу две програми |
| | ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување/намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |

9 Цел на барањето/ предложената активност: Проектот "Водовод и канализација на општините – фаза I" ќе се реализира во рамките на билатералната финансиска соработка со Владата на СР Германија. Успешната имплементација на овој проект ќе значи продолжување и унапредување на досегашна успешна финансиска и техничка соработка меѓу Република Македонија и СР Германија. Проектот "Водовод и канализација на општините – фаза I" има за цел обезбедување на одржливо снабдување со вода за пиење на населението во избраните општини по социјално прифатливи трошоци.

10 Врска со владината програма:
Предлогот на закон е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија 2006 - 2010 година.

| 11Фискални импликации | (денари) 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 122.620.000 | 0 | 0 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Ѓ. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Изворг: | 18.393.000 | 122.620.000 | 208.454.000 | 179.944.850 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Заем од Кредитната банка за обнова - КфВ | | | | |
| 12.Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата ( а кои не се НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА 11 А и 11 Г) | Кредитната банка за обнова - КфВ одобри заем во износ од 8.635.000 ЕВРА кој ќе се сервисира согласно условите кои се дефинирани со Договор за заем за финансирање на проектот "Водовод и канализација на општините – фаза I" | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година година и надвор од нормалниот циклус на подготвување, дајте образложение | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16. Дата на донесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 18.Измени побарани од Министерство за финансии: | | | | |
| 19.Одговор на Министерството - предлага: | | | | |
| 20. Одговор од Министерство за финансии: | | | | |
| 21.Дали мислењето на Министерство за финансии е дадено во прилог: | | | | |
| 22.Одобрен/ дата:<br><br>__________________________ /07/2009 ____________ /07/2009<br>Потпис на државен секретар или директор на орган — Ден / месец / год. — Потпис на Министерот — Ден/ месец / год. | | | | |